# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА
# ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ
# ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ



| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. СЛУШАМЕ МУЗИКА | 18 часа |
| 2. ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ | 18 часа |
| **ВКУПНО** | 36 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I– ПРВО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Слушаме музика (18 часа)<br>2. Пееме, свириме и играме (18 часа) |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички<br>✓ стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре);<br>✓ разни извори на учење од природата и непосредната околина – листови хартија во<br>✓ боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални<br>✓ предмети со разновидна звучност во училницата);<br>✓ печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>✓ дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери,<br>✓ илустрации);<br>✓ уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-плеер, хај-фај уред, ТВ<br>✓ приемник, компјутер со пристап до интернет, звучници, LCD-проектор, паметна<br>✓ табла);<br>✓ клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент;<br>✓ аудио - и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина. |

resursi.literatura.mk

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Подрачје:** ***Уметничкото изразување и култура***

| Ученикот/ученичката знае и/или умее: | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

**Подрачје:** ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура.***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |

| | |
|---|---|
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус); |
| VI-А.6 | -да пепознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| Ученикот/ученичката прифаќа дека: | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |

| | |
|---|---|
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Тема : СЛУШАЊЕ МУЗИКА** | **Време на реализација 18 часа** |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ разликува шум, звук, глас и тон од природата и околината и да го искажува сопственото доживување на пријатни и непријатни шумови, звуци, гласови од природата и околината;
- ✓ разликува детска музика, народна музика, музика од анимирани филмови и препознава по неколку од секој вид;
- ✓ ја препознава химната на државата;
- ✓ разликува и применува соодветно елементарни музичко-изразни средства во слушаната музика (темпо, динамика, метар, висина на тонот, мелодија, ритам).

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | Часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Звуци**<br><br>звук,<br>шум,<br>глас,<br>тон). | Препознава шум, звук, глас од природата и околината.<br><br>Прави разлика меѓу звуци и тонови. | 2 | •Наставникот развива мелодиско чувство кај учениците преку воочување на акустични појави во природата (мелодиска ономатопеја). **Пр.** кучето лае: ав, ав, мачето мјаука: мјау, мјау, петлето кукурига, јагнето блее, жабата крека... Се прави споредба:<br>• Како лае мало куче, а како големо?<br>• Кое куче повисоко лае?<br>• Како мјаука мало маче, а како мачор?<br>• Кој мачор подлабоко мјаука?<br>•Учениците имитираат природни звучни појави со што се развива почетно мелодиско чувство.<br>•Наставникот произведува разни шумови, звуци (тропање, чкрипење, шушкање), а учениците ги препознаваат и класифицираат (звуци, шумови, пријатни, непријатни).<br>**Пр:** | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Предмети од училница со различна звучност<br><br>Ритмички и мелодиски ДМИ | Одговори на усни прашања<br><br>Практична изведба: Препознава шум, звук, глас од природата и околината.<br><br>Прави разлика меѓу |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - влечење на столче, удрирање со дланките врз клупата;<br>- свирење на ритмички ДМИ(дајре, стапчиња, тропалки, чинели);<br>- свирење на мелодиски ДМИ(металофон, клавир, гитара);<br>- звуци од природата преку аудио/видео запис (грмење, дожд, жуборење на река, шумолење на лисја, сирена од брза помош, свирка од автомобил...),<br>•Учениците ги препознаваат, изведуваат или имитираат.<br>•Се изведуваат заклучоци за звук, шум и тон.<br>• Се што слушаме со нашето сетило за слух се вика **звук**.<br>• Звуците кои не можат да се пеат се **шумови**(удирање на клупа, кршење стакло, кочење на возило, свирење на тропалка и сл.(непријатни звуци)<br>• звуците на металофон, гитара, клавир се пријатни и може да се пејат- тие се **тонови** | | звуци и тонови.<br><br>Практична изведба во група.<br><br>Учество во изведување заклучоци за звук, шум и глас |
| | | | •Наставникот чита приказна, а учениците следат и на одредени зборови создаваат соодветни шумови и звуци кои асоцираат на зборот.<br>•Учениците, во групи, одговараат на квиз во електронска форма на тема Звуци (погодуваат за каков звук се работи). Доколку нема услови за тоа, може да се одговара и со кревање на картички со симболот на точниот одговор.<br>•Учениците во работен лист препознаваат шумови и тонови(пријатни и непријатни звуци)-може да илустрираат, сечат или лепат сликички со пријатни и непријатни звуци (*меѓупредметна корелација со природни науки и ликовно)*<br><br>*Предлог часови од Едуино*<br>https://youtu.be/EjdEw2MR5XA- Слушање на звуци<br>https://youtu.be/YqNP_K3ARrs- Пријатни и непријатни звуци- | Книга со раскази<br><br>Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br><br>Работен лист<br><br>Боички<br><br>Ножици<br><br>Лепило<br><br>Лист од блок | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови музика**<br><br>(класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, свечена песна – химна). | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша. | 5 | •Наставникот пее или демонстрира **детски песни**( прави избор на песни од ДМФ - „Си- До“, „Тра, ла, ла“, „Златно славејче“, „Поточиња“ и сл.)<br>•Се поведува разговор за содржината на песната и се изведуваат заклучоци зошто песните се наредкуваат детски песни.<br>*Предлог песни за слушање со учениците:*<br>• „Златно Славејче“ – неколку песни на стихови од В. Куновски.<br>https://www.youtube.com/watch?v=xCWTPXHKxJo<br>• „Златно Славејче“ – 2023<br>https://rb.gy/hlteke<br>• „Поточиња“- 2023<br>https://www.youtube.com/watch?v=xmesKSPiaaY<br>• „Тра, ла,л а“ - 2023<br>https://rb.gy/d3k1po<br>• Македонски детски песни<br>https://www.youtube.com/watch?v=UwVlsFYyTFQ&t=1597s<br>• Роденденска песна на Биби - Во светот на Биби<br>https://www.youtube.com/watch?v=GSFYdSy7edw<br>•Учениците пеат своја омилена песна и накусо објаснуваат зошто им е омилена. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници | Одговори на усни прашања<br><br>Практична изведба: Идентификува детска песна<br><br>Учество во изведување заклучоци за детска песна |
| | | 1 | •Наставникот презентира аудио или видеозаписи од **народни песни** кои се карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РСМ (по една за секоја). Учениците погодуваат на кој јазик е изведена, а наставникот укажува на точниот одговор со кусо објаснување на содржината на песната.<br>Учениците изведуваат едноставно народно оро карактеристично за својата или некоја друга етничка заедница.<br>**Пр:**<br>„Македонско девојче“<br>https://www.youtube.com/watch?v=lUwRxN59djU<br>“Битола мој роден крај“ и сл. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници | Одговори на усни прашања<br><br>Практична изведба: Идентификува народна музика |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Учество во изведување заклучоци за народна музика |
| **Видови музика**<br><br>(класична музика, музика за деца , музика од анимиран филм, народна музика, свечена песна – химна). | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша. | 1 | •Наставникот пее или демонстрира кратки аудиоснимки на фрагменти од **класична музика**.<br>*Предлог избор за класична музика:*<br>https://www.youtube.com/watch?v=VSXOQwhyi28<br>• Едвард Григ: „Во пештерата на планинскиот крал“(оркестар)<br>https://www.youtube.com/watch?v=4nMUr8Rt2AI-<br>• изведба на дете пијанист -солист + оркестар<br>https://www.youtube.com/watch?v=-dteg8vmmMA<br>•Изведуваат заклучок за класична музика.<br>•Танцуваат по сопствена замисла или илустрираат/бојат цртеж инспирирани од слушната класична музика. Пример: Вивалди- 4 годишни времиња(слика од годишно време)<br>https://www.youtube.com/watch?v=GRxofEmo3HA&t=555s<br>(*За време на слободни изборни активности/продолжен престој)* | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Работен лист<br><br>Блок за цртање<br><br>боички | Одговори на усни прашања<br><br>Практична изведба: Идентификува класична музика<br><br>Учество во изведување заклучоци за класична музика |
| | | 1 | •Учениците се подготвуваат за следење преку проектор на кратки видеоклипови од **анимирани филмови** поддржани со филмска музика :<br>• Аладин https://www.youtube.com/watch?v=0eWUhXPhIaE<br>• Frozen https://www.youtube.com/watch?v=dnvskgghUdA<br>• Заспаната убавица https://www.youtube.com/watch?v=LCCxnuLlS18<br>• Снежана и седумте џуџиња https://www.youtube.com/watch?v=HI0x0KYChq4 | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници | Одговори на усни прашања<br><br>Практична изведба: Идентификува музика од анимиран филм |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови музика**<br><br>(класична музика,<br>музика за деца ,<br>музика од анимиран филм, народна музика, свечена песна – химна). | | | •Наставникот пушта видео снимка без музика, а потоа и со музика.Учениците се искажуваат како го доживуваат видеинсертот кога ја слушаат музиката, а како без музика. | | Учество во изведување заклучоци за музика од анимиран филм |
| | Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика. | 1 | •Наставникот пее/ демонстрира кратки аудио или видео снимки на фрагменти од класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, а учениците препознаваат за кој вид музика се работи и ги класификуваат фрагментите во соодветна категорија во работен лист.<br>*Игра- Музичка меморија*<br>•Наставникот демонстрира аудио и видеоснимки од карактеристични делови од композиции. Учениците во мали групи разговараат за каков вид на песна станува збор и ја подигнуваат соодветната картичка:<br>• Музика за деца(сликичка од детски фестивал)<br>• Музика од анимиран филм(сликичка од цртан филм)<br>• Народна музика(Сликичка со народно оро)<br>• Класична музика(сликичка со оркестар) | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Картички со слики од секој вид музика | Одговори на усни прашања<br><br>Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика.<br><br>Учество во изведување заклучоци за видовите музика |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ја препознава химната на државата. | 1 | •Учениците се запознаваат со поимот свечена песна(химна)- како музичко знаме на една држава.<br>•Нашето музичко знаме, нашата химна е „ Денес над Македонија“.<br>•Се запознаваат како се слуша и пее химната (правилен стоечки став, мирно и достоинствено, со прав поглед, не се вртиме додека таа звучи).<br>•Учениците се запознаваат во кои прилики се слуша и се пее химната. При интонирање на химната се вее и македонското знаме.<br>•Учениците ја слушаат химната на Македонија со правилен стоечки став.<br>https://www.youtube.com/watch?v=yKuD6FzAVfE<br>Учениците илустрираат македонско знаме<br>( Едуино лекција- https://youtu.be/2v5_HPuknQo<br>**- Слушање и препознавање на химната на нашата татковина)** | Компјутер<br>Бела табла<br>Проектор<br>Звучници<br>Македонско знаме<br>Работен лист<br>Тетратка без линии<br>боички | Усни одговори на прашања<br>Ја препознава химната на државата.<br>Ја слуша химната со правилен стоечки став |
| **Музички изразни средства**<br>мелодија, ритам, метар, бавно/брзо, високи/ниски тонови, гласно/тивко. | Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, кратко/долго, бавно/брзо, гласно/тивко). | 2 | •Наставникот преку слики, играчки и сл. прикажува различни животни (на пример, желка, зајак, тигар, мечка) и ги поттикнува учениците да размислат како се движат и со каква брзина тоа го прават. **Пр.** желка, зајак, тигар и сл.<br>•Се разговара со учениците како одат на училиште кога тргнуваат на време, а како кога доцнат на час?<br>(брзо, умерено или бавно)<br><br>•Се имитираат движења во училницата за да се воочат различната брзина во движење.<br>https://www.youtube.com/watch?v=3ajAY5fmF94&t=37s<br>•Дискусија со учениците: Зошто некоја музика се изведува со брзо, друга со бавно, а трета се изведува со умерено | Слики, играчки со животни<br>Компјутер<br>Бела табла | Усни одговори на прашања<br>Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Музички изразни средства**<br><br>мелодија, ритам, метар, бавно/брзо, високи/ниски тонови, гласно/тивко. | | | (ни брзо ни бавно) темпо ?<br>✓ Брзо - музика која не прави радосни, среќни, не возбудува<br>✓ Бавно - музика која смирува, понекагаш не прави тажни, не релаксира<br>✓ Умерено - музика која поттикнува на играње, одење кое секој може да го прати во чекор<br>Темпото се менува зависно од тоа како ја доживуваме музиката.<br>•Учениците се движат/танцуваат со сопствена кореографија на избрана песна од наставник и треба да се движат зависно од музиката(брзо, бавно, умерено).<br>• Игра„**Топло/ладно**“. Да се пронајди скриен предмет, а насоки се даваат со промена во јачината и брзината на искажување на зборовите топло/ладно.<br>•Учениците носат марама. Изведуваат движење со различно темпо следејќи ја музика и чекорите од видеото. (препознаваат високи и ниски тонови, кратко и долго траење, бавно и брзо-гласно и тивно)<br>https://www.youtube.com/watch?v=JAse2Lhs75Y | Проектор<br><br>Звучници<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка без линии<br><br>Боички<br><br>марама | кратко/долго, бавно/брзо, гласно/тивко<br><br>Учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Идентификува вокална (пеење), инструментална (свирење) и вокално инструментална (пеење и свирење) изведба . | 2 | • Наставникот им демонстрира на учениците аудиоснимки од вокална, инструментална и вокално-инструментална музика, а учениците преку бојата на тонот одредуваат дали слушаат глас, инструмент или се присутни и двата елементи (вокално инструментална музика).)<br>• Може да се користат претходно следени композиции и песни, а учениците треба да идентификуваат :<br>- Вокална(пеење)<br>- Инстументална(сврење)<br>- Вокално инструментална (пеење и свирење) изведба)<br>Изведуваат изучени песни со пеење(вокална музика), во придружба со музика(вокално инструментална) или свират на ДМИ (инструментална музика). | Компјутер<br><br>Бела табла<br><br>Проектор<br><br>Звучници<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува вокална, инструментална и вокално инструментална изведба . |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Идентификува карактер на слушаната музика (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна | 2 | •Наставникот им презентира на учениците фрагменти од музика од неколку анимирани филмови. Учениците се групираат околу тоа која најмногу им се допаѓа и објаснуваат зошто, преку емотивна асоцијација за музиката (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна).<br>• (Видео за емоции во танцот со Елмо од Мапет шоу) https://www.youtube.com/watch?v=oMDquZqH-EE<br>• Весело: „Снежана и седумте џуџиња“. https://www.youtube.com/watch?v=HI0x0KYChq4&t=63s<br>•Наставникот прави избор на песни преку кои учениците ќе можат да ги препознаат видовите на темпо и динамика. Песните се со различен каратактер со цел да се предизвика весело, игриво расположение (песни со умерено и брзо темпо) и релаксирачко расположение ( бавно темпо)<br>✓ „Lilaby“ – Приспивна песна- Ј. Брамс https://www.youtube.com/watch?v=t894eGoymio<br>✓ „Штом си среќен“ – https://www.youtube.com/watch?v=XTBW_uC_p4A<br>✓ Zumba kids - Nathan Evans - Wellerman remix https://www.youtube.com/watch?v=m9C5fu493Ok | Компјутер<br>Бела табла<br>Проектор<br>Звучници<br>Работен лист | Усни одговори на прашања<br>Идентификува карактер на слушаната музика (тажна, приспивна, среќна, весела, страшна<br>Учество во изведување заклучоци |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Тема : ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ** | **Време на реализација 18 часа** |
| **Изготвиле :** Наташа Тодоровска | од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење;
- ✓ учествува во детски музички игри со пеење, танцување и свирење на детски ритмички инструменти;
- ✓ создава кратки ритмички и мелодиски целини и едноставни кореографии по музичка инспирација.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | Часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Песни и бројалки во опсег ре-ла**<br><br>пејачки став, дишење, песна, мелодија, текст, детски песни, народни песни, бројалки, самостојно пеење и пеење во група. | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење.<br><br>Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. | 6 | •Наставникот ги насочува учениците како да применуваат различни вежби за правилно дишење („Дувни ја роденденската свеќичка“, „Глуварче“, „Жешка супа“).   Учениците ги изведуваат вежбите, а потоа пеат кратки мотиви на неутрален слог, прикажувајќи правилен пејачки став и правилно дишење.<br><br>•Наставникот пее/свири или пушта аудио и видео снимки од детски и народни песни со различно темпо и динамика во соодветен опсег (ре ла), а потоа учениците ги пеат песните групно и самостојно.<br>*Предлог песни за обработка*<br>• „Добре дојдовте првачиња“<br>• „Првачиња- колачиња“<br>https://www.youtube.com/watch?v=A1YpRUE_rwY<br>• „Есен“<br>• „Играле ергени“- народна песна<br>• Зурли трештат на сред село - Во светот на Биби<br>• https://www.youtube.com/watch?v=KC4SAsdo0lw | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Работен лист<br><br>Боички<br><br>Постер со слики<br><br>Тетратка без линии | Усни одговори на прашања<br><br>Пее песни за деца и народни песни во опсег ре-ла со правилен пејачки став и правилно дишење.<br><br>Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • „Меца“<br>• „Снешко бел“ „Дедо Снешко“<br>https://www.youtube.com/watch?v=EUcNGptEgz8&list=RDEUcNGptEgz8&start_radio=1<br>• „Песна за Дедо Мраз““/„Дедо Мраз“<br>https://www.youtube.com/watch?v=Sa0f_5JVSYw<br>• „Мајка“/ „8 Март“<br>• „Пролет“<br>• „Пчелка“, „Зајаче“<br>• „Нашата азбука“<br>• https://www.youtube.com/watch?v=Wqj8W1s-_tw<br>*Некои од песните може да се обработуваат за време на слободни изборни активности или во продолжен престој за време на други активности.* | | Учество во групни активности |
| **Детски ритмички инструменти**<br><br>ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, | Ги препознава детските ритмички инструменти според бојата на звукот. | 1 | •Учениците преку постер се запознаваат со различни видови на инструменти, препознаваат и именуваат некои од нив.<br>( Орфови инструменти - мелодиски и ритмички).<br>•Учениците се запознаваат со ритмички ударни инструменти. Одговараат на прашања:<br>• Дали може некои предмети да ги употребиме како инструменти? Кои?<br>- стапчиња(боички, дрвени и метални лажици)<br>- капаци од тенџериња -чинели и сл.<br>- кутии како тапани и сл.<br>•Учениците се запознаваат како се свири со некои од инструментите<br>П*одготовка за наставник-*<br>• *Методски прирачник по музичко образование за 1 и 2 одд и Музичко образование за 1 и 2 одд - Тоде и Нела Радевски*<br>• *Музичко овразование за 1 одд- Горица и Вејчеслав Поповски* | Постер со ДМУ<br><br>Ритмички ДМИ<br><br>Дрвени стапчиња<br><br>Боички<br><br>Дрвени и метални лажици<br><br>Капаци од тенџериња | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и именува детски ритмички инструменти според бојата на звукот.<br><br>Практични изведби- свири на ритмички инструменти |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ксилофон, маракас.<br><br>**Детски ритмички инструменти**<br><br>ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, ксилофон, маракас. | | | *Во време за слободен изборен предмет, други активности или на час по ликовно образование се изработуваат едноставни музички ритмички инструменти од достапни материјали (на пример, тропалки од зрнести плодови: по еден грст ориз, леќа, грав, песок, ситни и покрупни камчиња, пластични чаши /шишиња, стаклени тегли со капак, ластичиња, картон, метални капачиња).* <br>*Може да се организра работилница со родители за изработка на ДМИ*<br>https://www.youtube.com/watch?v=igROfLeXj4Y<br>https://www.youtube.com/watch?v=UWA1NAaRxhw | Пластични и метални кутии | Учество во групни активности |
| | Го следи ритамот при изведување бројалки и песни, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. | 1 | •Учениците кажуваат бројалки кои веќе им се познати, па заедно со другите ученици ги повторуваат.<br>Наставникот демонстрира бројалки со различен текст.<br>•Учениците повторуваат со јасна дикција, точна артикулација и правилен ритам (активноста вклучува вежба во која ритамот како траење на одредени слогови може да се менува и да варира).<br>Едуино часови како насоки за наставник/ученици:<br>• Обработка на бројалка<br>https://www.youtube.com/watch?v=tR5qKDuod9E<br>• Бројалка<br>https://youtu.be/zKOSy5Lo-ZY<br>• Обработка на брзозборки<br>https://youtu.be/Hxwy6yb-Yvo | Постер со бројалка/ брзозборка<br><br>изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. | Усни одговори на прашања<br><br>Следи ритам при изведување бројалки и песни, со своерачно изработени тропалки, предмети и ДМИ.<br><br>Учество во групни активности |
| | Правилно применува | | •При изведба на музички игри со пеење учениците прават придружба со детски ритмички инструменти (по можност со | | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење) при свирење на ДМИ.<br><br>Го следи ритамот со тропкање (по колената, рамењата, телото). | 1 | своерачно изработените тропалки), со плескање на рацете, прстите, рамењата, колената, следејќи го ритамот.<br>**Musicograma - The Pink Panther ( A Pantera cor de rosa )**<br>https://www.youtube.com/watch?v=xvbhDqZpiB4<br><br> | изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. | Свири на ДМИ со примена на соодветна брзина, јачина, траење<br><br>Следи ритам со тропкање (по колена, рамења, тело). |
| **Музички игри** (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер). | Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички инструменти. | 2 | •Преку музичка игра -„ **Како треба правилно“** наставникот демонстрира правилен пејачки став.<br><br><br>Учениците ги повторуваат движењата и стиховите и вежбаат правилен став за пеење при седење и стоење.<br>Учениците се запознаваат со сопствените инструменти ( дланки, прсти, стапала)<br>•Преку игровни активности изведуваат вежби со плескање со раце, пукање со прстиња и тропкање со нозе.<br>Комбинираат активност со пеење и свирење со сопствени или ДМИ.<br>Изведуваат заклучок дека со инструментите се придружуваат песни.<br>Игра- „Весели свирачи“- стр. 12(Музичко за 2 одд- Р. И Н. Радевски) | Предмети од училница<br><br>изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. | Усни одговори на прашања<br><br>Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички инструменти.<br><br>Учество во групни активности |
| | Го следи видот/карактерот на музиката со | | •Наставникот им пушта на учениците видеоснимки/ аудиоснимки од **народни ора** и песни, карактеристични за различните етнички заедници кои живеат во РСМ (по една за секоја), а учениците ги пеат и/или играат во соодветниот | Компјутер<br><br>Проектор | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | своите движења (оро, марш или валцер).<br><br>Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри. | 3 | ритам и го следат ритамот со детски ритмички инструменти и тропалки.<br><br>•Наставникот пушта видео - или аудиоснимки **марш** и истовремено ги демонстрира чекорите на секој од нив и ги вклучува учениците во танцувачка активност. Учениците прават споредба на ритамот, карактерот и начинот на изведба Препорачани композиции:<br>• Марш на џуџињата<br>https://www.youtube.com/watch?v=z7o7FSfQ9Ak<br>• Роберт Шуман- Смелиот јавач<br>https://www.youtube.com/watch?v=qZ1OJyQYZzw<br>• Радецки марш- Ј. Штраус<br>https://www.youtube.com/watch?v=q2jMa-51iOQ<br><br>•Наставникот пушта видео - или аудиоснимки од **валцер**, истовремено ги демонстрира чекорите на секој од нив и ги вклучува учениците во танцувачка активност. Учениците прават споредба на ритамот, карактерот и начинот на изведба | Бела табла<br><br>Звучници<br><br>изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти | Пракрични изведби:<br>Следи изведба на народно оро, марш, валцер со едноставни чекори<br><br>Учество во групни активности |
| **Музичко изразување и творење**. (слободно музичко изразување, творење/ | Поврзува мелодија и ритам со движења<br><br>Креира кратки ритмички целини придружени со плескање, | 2 | •Наставникот демонстрира музички пример со маршов карактер во дводелен такт, а учениците се движат по слушнатата музика (маршираат) броејќи еден-два, еден-два, следејќи ги ритамот и темпото во различни правци по насока на наставникот: лево- десно, напред-назад.<br>• Тореадори - „ Кармен“ - Жорж Бизе<br>https://youtu.be/CIcCEr-x49g?list=RDCIcCEr-x49g-<br>https://www.youtube.com/watch?v=k_7IdDqyzE4<br>• Марш на дрвените војничиња – Чајковски<br>https://www.youtube.com/watch?v=Cam_-QKFECs | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници | Усни одговори на прашања<br><br>Поврзува мелодија и ритам со движења<br><br>Креира кратки ритмички целини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| создавање). | чекорење или разни видови детски ритмички инструменти. | | Under the sea( Под морето)- Учиме да играме  https://www.youtube.com/watch?v=oq7Rli5XCYg<br>Наставникот презентира аудиозапис, а учениците со плескање со раце или со тропкање на клупа и сл. го поддржуваат ритамот.  https://www.youtube.com/watch?v=6UYnHJqo7_4 – Clap Clap Sound – MUSICOGRAMA – Percusión Corporal | | придружени со плескање, чекорење или разни видови ДМИ<br><br>Учество во групни активности |
| | Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења со изразен карактер (весел или тажен), соодветно на карактерот на музиката. | 2 | •Учениците создаваат ритам и мелодија на кратки текстови (по можност текстовите што ги обработиле на мајчин јазик или од обработени песни по музичко образование).<br><br>•Учениците заедно со наставникот осмислуваат кореографии за песните согласно карактерот на музиката и содржината на текстот. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници | Усни одговори на прашања<br><br>Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења соодветно на карактерот на музиката.<br><br>Учество во групни активности |